Групација на сува градба
28.1.2014 година

ЗАЕДНИЧКИ ПОЛЕСНО ДО СПРАВУВАЊЕ СО НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА

Повеќе компании кои работат во дејноста на сува градба, беа иницијатори за повторно конституирање на Групацијата за сува градба при Стопанската комора на Македонија. Притиснати од проблемите со кои се соочуваат во работењето, се почестата, пред се', нелојална конкуренција како последица на физички лица кои се вклучуваат во монтажа на гипсени производи, но и залагање за донесување на нормативи за оваа дејност, беа почетните чекори за работењето на Групацијата.

На седницата одржана на 28.1.2014 година, беше избран Управен одбор, составен од 7 (седум) члена, за претседател беше избран Иван Слафкоски од "Лимпинг" – Скопје, а за потпретседател Коле Битровски од "Омега" – Скопје.

На седницата беа усвоени повеќе документи, како што се Правилата за организација и начин на работа на Групацијата за сува градба, Кодексот на етичко однесување во работењето на правните субјекти од дејноста на сува градба и други. За Кодексот беше договорено, доколку има забелешки од страна на присутните истите да бидат доставени до Комората, а на наредната седница на Управниот одбор, закажана за 4 февруари 2014 да се разгледаат и доколку има потреба да се вградат.

На седницата беа донесени повеќе заклучоци и тоа дека има потреба од заеднички седници барем еднаш месечно, а Управниот одбор ќе го предлага дневниот ред, дополнет и со барање на членките. Приоритет на Групацијата на сува градба, во наредниот период ќе биде и анимирање и зајакнување на членството, запознавање со активностите кои ќе престојат, како и иницијативите кои ќе се покренуваат до надлежните институции за заокружување на регулативата, со посебно внимание на донесување на техничките нормативи за сува градба.